

# ТРАНСПАРЕНТНИ (ГЛИЦЕРИНСКИ) САПУНИ

## Млеко и овес

Сапун погоден за сите кои водат посебна грижа за кожата при миење. Содржи млеко, шеа путер, витамин Е, овес, маково семе - богат коктел од состојки кои обезбедуваат нежна грижа за кожата.

- Масло од шеа - природен навлажнувач на кожата; Омекнувачки и кондиционирачки агент. Содржи голема количина масни киселини, токофероли и фитостероли кои имаат антимикробни и навлажнувачки својства. Тие ја омекнуваат кожата, навлажнуваат и го намалуваат нејзиното лупење. Маслото има реструктурирачко дејство врз епидермисот и ја одржува еластичноста на кожата. Во сапунот маслото од шеа дава мекост, финост и обилност на пената.

- јогурт - природен производ добиен при млечно киселата обработка на млекото; се користи како активна состојка со протективно, регененрирачко и кондиционирачко дејство. Ја влажни, смирува и ублажува кожата. Млекото ја одржува кожата здрава и енергична. Го подобрува влагозадржувањето во кожата кога се користи како производ за миење и дава кремообразна, мека и густа пена.

- Витамин Е - се користи како антиоксиданс и кондиционирачки агент

- Овесни снегулки - имаат лесно абразивно и ексфолирачко дејство

-Маково семе - декоративен состав со мек ексфолијантен ефект